Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-34/3
12-03-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-819/1 од 22.11.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против лицето [redacted] вработен во Министерство за внатрешни работи од позиција на [redacted] на Комисија за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина за ОГРМ, РЦ за ГР Север, за извршена дискриминација врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, сторена од страна на лицето [redacted] вработен во Министерство за внатрешни работи од позиција на [redacted] на Комисија за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина за ОГРМ, РЦ за ГР Север врз лицето [redacted] вработен во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 22.11.2023 година, поднесена е претставка бр. 08-819/1 од лицето [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз друга основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, од страна на лицето [redacted] вработен во Министерство за внатрешни работи од позиција на [redacted] на Комисија за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина за ОГРМ, РЦ за ГР Север.

Во претставката подносителот [redacted] наведува дека од страна на Министерство за внатрешни работи како работодавач, а преку лицето [redacted], вработен во Министерство за внатрешни работи, назначен како заменик претседател на Комисија за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина за ОГРМ, РЦ за ГР Север, воедно и синдикален претставник на Македонски полициски Синдикат – МПС, непрекинато во последните 6 (шест) месеци му се вршело атакување на професионалниот интегритет со повеќекратно, повторено и продолжено дискриминирање. Подносителот наведува дека му се вршат психолошки притисоци со местење на исходи на неосновани дисциплински постапки,

му се спроведувало континуирано попречување и ограничување на уживањето на правото на слобода на изразување на личното мислење и личните ставови. Лицето [redacted] според подносителот незапирливо ја злоупотребувал службената положба преку која вршел влијание со цел да му се компромитира професионалната иднина на подносителот, а поради што постојано трпи економски последици. Наоѓа дека ова се врши поради негово членување и синдикално делување и неговата определба за приклучување кон Синдикат на Македонската полиција каде бил избран за синдикален претставник – Претседател на СМП.

Подносителот наведува дека повеќе пати против него биле водени неосновани дисциплински постапки за утврдување дисциплинска одговорност под измислен правнонеиздржан и непостоечки законски основ, односно дека постапил спротивно на Упатство за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во МВР. Во претставката се наведува дека овој акт бил донесен спротивно на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа и дека била спорна неговата правнообврзувачка сила.

Воедно наведува дека на работното место и во текот на работното време нема сотрено повреда на работниот ред и дисциплина. Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, поради влијанија врз оваа организациона единица, во континуитет биле давани неосновани иницијативи и предлози за утврдување на дисциплинска одговорност заради постапувања на подносителот спротивно на, според него, правноневажечко и правнонеобврзувачко Упатство. Во време на сите наведени повреди на работниот ред и дисциплина подносителот наведува дека се наоѓал надвор од работно место и надвор од работно време односно во период кога користел годишен одмор и боледување. Исто така посочува дека со овие дејствија на работодавачот му се забранувале синдикалните активности надвор од работното време и му се ограничувало слободното изразување на мислата и ставот што го имал како синдикален претставник.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 24.11.2023 година до Министерство за внатрешни работи достави Барање за произнесување по наводи во претставка заведено под број 08-819/2 по што на 04.01.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор од Министерство за внатрешни рабвоти, Биро за јавна безбедност, Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси Рег.бр. 22.6.1.1-133735/1 од 20.12.2023 година. Во одговорот се наведува дека лицето [redacted] како заменик претседател на Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност за ОГРМ, РЦ за ГР Север и РЦ за ГР Исток, бил ангажиран за одлучување по неколку предлози за утврдување на дисциплинска одговорност поднесени против [redacted] Во сите ангажмани работата ја вршел професионално во согласност со законите и подзаконските акти. Со [redacted] немал никаква приватна комуникација (ниту вербална ниту телефонска), а службено имале само една телефонска комуникација која била кратка и службена. Во врска со неговото членување во Македонски полициски синдикат, именуваниот Влатко Ситновски во

моментот бил само член на истиот без да биде носител на било која синдикална функција.
Во врска со повеќето решенија донесени во дисциплински постапки по ист правноважечки основ, односно согласно Упатство за начин на користење на социјални мрежи од страна на работниците во МВР, во одговорот се наведува дека ова Упатство било донесено врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, согласно кој е утврдено правото на министерот да донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и другите прописи кога за тоа е овластен со закон. Ваквото Упатство според наведеното во одговорот било интерен акт на министерството кој произлегувал од редовното работење на министерството и истото било доенсено согласно овластувањата на министерот. Следствено се наведува дека се неосновани наводите дека на работникот [redacted] му биле одземени работните и синдикалните права со оглед да упатството се однесувало на сите вработени па и на синдикалните претставници на Синдикатите во рамки на министерството. Упатството како подзаконски акт секој вработен бил должен да го почитува, а согласно член 187 став 1 точка 10 од Закон за внатрешни работи, непочитувањето на правилата и прописите на МВР претставува повреда на работниот ред и дисциплина од страна на работникот.
На крај се наведува дека предметното упатство било донесено со цел давање насоки за тоа како и на кој начин треба да се однесуваат вработените во Министерството за внатрешни работи при користењето на социјалните мрежи со цел зачувување на личното достоинство, углед и интегритет на вработените како и угледот и интегритетот на министерството со оглед да секое објавување на содржина на социјални мрежи според наведеното се сметало како јавно публикување во медиуми.

Врз основа на сето гореизнесено се утврди следната фактичка состојба: лицето [redacted] од Скопје е вработен во Министерство за внатрешни работи и воедно член на Синдикат на Македонската полиција во кој е вршител на синдикалната функција – Претседател на СМП. Во повеќе наврати против него се воделе дисциплински постапки по кои се донесени решенија во кои е утврдена дисциплинска одговорност поради кршење на работниот ред и дисциплина поради постапување на именуваниот спротивно на правилата и прописите на министерството уредени со Законот за внатрешни работи, Колективен договор на МВР и Упатство за начин на користење на социјални мрежи од страна на работниците во МВР. Наведеното е видно од решенија кои именуваниот ги достави во прилог на поднесената претставка како доказ. Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај подносителот на претставката [redacted] не стори веројатно дека врз него е извршена дискриминација токму поради наведената дискриминаторска основа – членување во синдикат во областа на работата и работните односи, а од страна на лицето [redacted], вработен во Министерство за внатрешни работи од позиција на [redacted] на Комисија за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина за ОГРМ, РЦ за ГР Север.

Согласно наведеното се утврди дека не се исполнети обележјата, односно не е сторен акт на дискриминација онака како е утврдена со член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација и тоа "*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*"", па следствено се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
11.03.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на РСМ,
  -ул. Димче Мирчев, бр. 9, Скопје
- Архива на КСЗД